

***Иван Здравески***

Во Април 1346г. царот Душан свикал црковен собор во Скопје на кој трновскиот Патријарх Симон и охридскиот Архиепископ Николај (1346-?) го прогласиле српскиот Архиепископ Јоаникиј (1337-1354) за Патријарх. Охридскиот Архиепископ бил поставен од царот Душан за почесен член на Синодот на Српската Црква. Царот Душан имал три цели по однос на Црквата: 1) да го утврди православието во своето царство; 2) да го подигне авторитетот на свештениците пред народот; и 3) да ја загарантира материјалната положба на Црквата. Во овој период не се знае какви биле односите на Охридската Архиепископија со Константинополската Патријаршија.

За меѓусебните односи на Душановиот наследник (неговиот син), царот Урош V (1331-1355), и охридскиот Архиепископ, не постојат многу записи. Но најверојатно и во тоа време Охридската Архиепископија ги задржала сите претходни привилегии. И по распаѓањето на Душановото царство, Охридската Архиепископија останала автокефална. Нејзината јурисдикција се протегала во различни држави: 1. Кралството на Волкашин, а подоцна на неговиот син Марко, на чија територија се наоѓал градот Охрид; 2. Деспотството на Хлапен; 3. Царството на Симеон во Епир и јужна Албанија; 4. Каниноавлонското деспотство; 5. Елбасанското кнежевство; и 6. Велбушкото деспотство. Во 1367г., константинополскиот Патријарх Филотеј (1354-1355 и 1364-1376) го поканил охридскиот Архиепископ да отиде со своите потчинети Архијереи во Константинопол на Вселенскиот Собор кој се подготвувал за по две години, а на кој ќе се расправало за соединувањето на Источната и Западната Црква. Во поканата му било соопштено дека александрискиот и ерусалимскиот Патријарх веќе биле во Константинопол, а антиохискиот Патријарх бил известен и се очекувало и неговото доаѓање на соборот. Со истата покана на охридскиот Архиепископ му е предочено дека доколку не присуствува на овој собор, ќе покаже непочитување и ќе ги навреди Патријарсите, а доколку пак биде присутен тогаш: „голема полза, чест и слава ќе има и Неговата Светост (охридскиот Архиепископ) и Христијаните што се при него. Затоа нека побрза Неговата Светост, Архиепископот да дојде овде, откако подреди сè друго како подолно од оваа работа“ - со овие зборови го завршува своето писмо константинополскиот Патријарх, а од нив гледаме дека охридскиот Архиепископ бил и во тоа време поставуван на еднакво рамниште со Патријарсите. Најпрвин поради угледот и преданието за автокефалноста, а потоа и заради големата политичка разединетост на деспотите и севастократорите, кои по распаѓањето на Душановото царство владееле на територијата што била под јурисдикција на Охридската

Архиепископија, а таа територија во времето на српското владеење не била потчинета ниту на пеќскиот Патријарх, ниту на константинополскиот.

Сепак, во времето на српското владеење, Охридската Архиепископија имала најтесни граници од времето на нејзиното формирање. Најмногу од територијата, што претходно била под нејзина јурисдикција, изгубила на север. Така, нејзината северна граница минувала крај Дебар и Кичево, не многу далеку од Охрид, преку Мокренските планини се спуштала кон Јадранското Море во Авлонскиот залив. На југозапад границата ги минувала реките Војуса и Бистрица, над градот Сервија и подигајќи се кон североисток го оставала градот Верија под јурисдикција на константинополскиот Патријарх. Продолжувала кон солунското поле и Eници - вардарското езеро, се подигала малку на север и минувајќи го Вардар ја опфаќала струмичката епархија, потоа се враќала кон запад и повторно го минувала Вардар под Велес, кој бил под јурисдикција на пеќскиот Патријарх. Од Епископиите кои претходно ѝ припаѓале останале само: охридската, костурската, гревенската, мегленската, сланишката, струмичката, пелагониската, деволската или селасфорската, главеничката, канинската и влашката. По распаѓањето на Душановото царство, Охридската Архиепископија малку се проширила кон север и југ, така што во нејзин состав влегле: призренската, скопската, дебарската, серската, драмската и христополската (кавалската) - но најверојатно се проширила и кон исток со градовите: Велбужд (денешен Ќустендил), Џумаја и Разлог.

ОСМАЛИСКИТЕ ОСВОЈУВАЊА НА БАЛКАНОТ И УКИНУВАЊЕТО НА АРХИЕПИСКОПИЈАТА.

Во 1371г. турската војска ја поразила војската на кралот Волкашин (1366-1371) и деспотот Углеша, кои во тоа време владееле со дел од териториите што биле под јурисдикција на Охридската Архиепископија. Оттогаш тие биле принудени да плаќаат данок на султанот и да му даваат своја војска за време на војна. Во 1392г. Турците го освоиле Скопје, а по смртта на кралот Марко (1371-1394) и деспотот Константин велбушки, конечно ја потчиниле целата територија со која што тие управувале. Веќе во 1408г. Охрид бил под турска власт. Турците сепак не посегнале по Охридската Архиепископија. Најмногу од причина што биле толерантни кон монотеистичките религии и оставале народот на религиозен план да се самоуправува. Доволно им било, Христијаните и припадниците на другите монотеистички религии, да бидат лојални на власта и државното уредување.

По падот на Трновската Патријаршија, некои од Епископиите што биле под нејзина јурисдикција, влегле во составот на Охридската Архиепископија. Така, во почетокот на

XV век, охридскиот Архиепископ Матеј (се споменува во 1408год.) ги присоединил софиската и видинската епархија кон Архиепископијата. Издејствувал од византискиот император Мануил Палеолог (1391-1425), покажувајќи му ги хрисовулите од бившите византиски императори за јурисдикцијата и привилегиите на Охридската Архиепископија, да добие грамота со која му се дава право да управува, не само со софиската и видинската епархија, туку и со други епархии предвидени за охридската катедра во хрисовулите на неговите претходници. По извесно време, на ова се спротивставила Константинополската Патријаршија. Таа сметала дека пред формирањето на Трновската Патријаршија, софиската и видинската епархија биле под нејзина јурисдикција. Така, по извесно време, Патријаршијата успеала да ги одземе од Охридската Архиепископија двете споменати епархии. Тоа довело до заладување на односите меѓу Патријаршијата и Архиепископијата, кои дотогаш биле многу добри. Кулминација, па дури и прекин на односите, имало кога Константинополската Патријаршија влегла во унија со римокатоличката Црква на Соборот во Флорентија (Фиренца) во 1439г. Охридската Архиепископија била еден од најголемите противници на унијата. Дури по паѓањето на Константинопол под турска власт во 1453г., кога Константинополската Патријаршија веќе не ја поддржувала унијата, дошло до повторно општење. Во 1466г. бившиот константинополски Патријарх, Марко Ксилокарав (1466-?) дошол за Архиепископ во Охрид.

Во XV век, под јурисдикција на Охридската Архиепископија влегле епархии од другата страна на Дунав, од војводставата на Влахија (Унгаровлахија) и Молдавија. Споменатите краеви, кои се поистоветуваат со Средоземна и Прибрежна Дакија, биле споменати уште во 11. Јустинијанова новела, според која припаѓаат на Првојустинијанската Архиепископија - со која се идентификувала Охридската Архиепископија. Тоа било повторено и во синтагмата на Матија Властар, која во XV век во Молдавија била третирана како официјален канонски кодекс. Охридските Архиепископи успеале да ја стават под јурисдикција Влахија и Молдавија кон средината на XV век, а за тоа најмногу допринело тоа што Охридската Архиепископија остро се спротивставила на Флорентинската унија. Така, по барање на молдавскиот војвода Александрел, во 1452г. или 1453г., охридскиот Архиепископ Никодим го ракоположил Теоктист за молдавски Митрополит. Кон крајот на 60-тите години од XV век, влашкото војводство веќе целосно станало дел од Охридската Архиепископија. Меѓутоа, тоа не траело повеќе од стотина години. Молдавското војводство веќе кон крајот на XVI век добило автономија од Константинополската Патријаршија. Локалниот Синод ги бирал Митрополитите, а константинополскиот Патријарх само ги потврдувал. Исто така, Митрополитот, односно Претстојателот на автономната Црква, бил обврзан да го спомнува Вселенскиот Патријарх и од него да зема свето миро.

Во согласност со турската власт, помеѓу 1453г. и 1466г., кон Охридската Архиепископија се соединиле териториите кои биле под јурисдикција на Пеќската Патријаршија. Кон крајот на 1529г. или почетокот на 1530г., смедеревскиот Епископ Павле, поддржан од

некои српски првенци и преку турската власт (која ја поткупил со пари) ја отцепил од Охридската Архиепископија пеќската епархија и уште неколку епархии, и ја прогласил пеќската Црква за независна. Тој бил расчинет и изопштен од Синодот на Охридската Архиепископија заедно со Епископите што ги ракоположил. Тоа решение го прифатиле сите источни Патријарси. Павле не го признал тоа решение, продолжил да делува како независен пеќски Архиепископ, а се нарекувал дури и Патријарх. Поставил Епископи во Лесново и Кратово, а веројатно го потчинил и Охрид откако со поткуп и клевета го ставил во затвор Архиепископот Прохор (1528-1550) со сите негови службеници и неколку Митрополити. Откако Архиепископот Прохор бил ослободен од затворот, успеал да отиде во Цариград и од султанот да издејствува ферман во кој се заповедало Охридската Архиепископија да ги има претходните граници и да се свика во Охрид собор на кој ќе се осуди Павле. На соборот во 1541г. се јавил Павле, но се држел дрско и непокајно. Соборот ја потврдил одлуката за неговото расчинување. Ги расчинил Епископите ракоположени од него, и им запретил со изопштување и анатема на клириците кои ќе свештенодејствуваат со нив, како и на сите оние мирјани што ќе ги примаат нивните свештенодејства. Тоа решение било потврдено од Михаил (1523-1541), антиохискиот Патријарх, и од Герман (1537-1579) ерусалимскиот Патријарх.

Веднаш по паѓањето на Охрид под турска власт бил поставен кадија, кој бил посредник помеѓу турската власт и Архиепископијата. Доколку се избирал нов Архиепископ или Епископ, потребно било да се добие берат (царски указ со кој се поставувал некој за службеник и му се определувале неговите принадлежности) од султанот. Со овие берати се регулирале правата на Епископите. Бератот се издавал за секое лице посебно. Во случај на смена на султанот, сите црковни великодостојници биле должни да ги заменат своите берати за да можат да ја вршат својата должност. За да се добие бератот се плаќале големи даноци изразени во пешкеш. При добивањето на бератот доаѓало до големи злоупотреби, а тоа било многу неугледно за Црквата. Бератите за Епископите се добивале преку месните кадии, а не преку Архиепископијата. Архиепископот Прохор постигнал успех во спречувањето на ова злодело. Тој добил ферман од султанот со кој се регулирало правото за добивање на берат за црковните лица. Со него никој не можел повеќе да добие берат само преку месните кадии, туку единствено преку Синодот на Охридската Архиепископија и охридскиот кадија. Со тоа се отстранила таа злоупотреба бидејќи се случувало некои Епископи неправедно да бидат симнати од своите катедри и притоа нивните места да бидат заземени од оние што платиле повеќе.

Кон крајот на XV и почетокот на XVI век, Охридската Архиепископија ја проширила својата јурисдикција и над територии во Италија (Апулија, Калабрија, Сицилија, Венеција, како и во Далмација - градови што ја составувале италијанската Епархија). Паството на таа Епархија било составено од Грци и Албанци, а се зголемило по освојувањето на Константинопол и Албанија од страна на Турците. Папата многу непријателски гледал на ваквата јурисдикција и многупати, дури и сосила, се обидувал

да ги потчини парохиите во Италија, кои биле под јурисдикција на Охридската Архиепископија. Така, во 1556г. насилно бил избркан од Месина православниот Епископ Памфил.

Со формирањето на Пеќската Патријаршија во 1557г., положбата на Охридската Архиепископија уште повеќе ослабнува. Пеќскиот Патријарх Макариј (1557-1572), брат на великиот везир Мехмед - паша Соколовиќ, отцепил од Архиепископијата многу Епархии и ги присоединил кон Патријаршијата. По упокојувањето на Архиепископот Прохор во 1550г., за негов наследник бил избран рашкиот Епископ Симеон (1550-?). Симеон, како и Прохор, по потекло бил Словен. Меѓутоа, од актите зачувани од тоа време, се гледа дека Симеон ја водел коресподенцијата на Архиепископијата на грчки јазик. Со голема веројатност може да се претпостави дека во тоа време во Синодот на Охридската Архиепископија била многу силна грчката струја која успела да наметне за скопски Митрополит да биде избран игуменот на манастирот Ксенофонт од Света Гора, кој по потекло бил Грк, наспроти кандидатите од словенско потекло. Симеон бил соборен само по половина година архиепископување. Откако по упокојувањето на Архиепископот Никанор (се споменува во 1557год.), наследник на Симеон, охридскиот трон овдовел, Патријархот пеќски Макариј успеал да присоедини кон Пеќската Патријаршија повеќе Епархии кои дотогаш биле под јурисдикција на Охридската Архиепископија. Во средината на XVI век, јурисдикцијата на Охридската Архиепископија во Италија била поткопувана од Патријаршијата во Константинопол и од Ватикан. Особено биле силни притисоците од римокатоличките Епископи кои им пречеле на испратените јерарси од Охрид да ги исполнуваат своите должности. Затоа, охридскиот Архиепископ Гаврил (се споменува во 1572год.), го замолил полскиот крал Стефан Баториј да ги застапи интересите на Охридската Архиепископија пред Папата. Тој тоа го направил со едно писмо од 24 Јуни 1586г., замолувајќи го Папата да не му пречи на охридскиот Архиепископ да управува со грчките општини на Сицилија, Апулија и Калабрија. Но не постигнал никаков успех. Во 1588г. православните свештенослужители во Сицилија биле повикани на римокатоличкиот помесен собор во Месина и таму биле принудувани да примат унија. Некои примиле унија, а некои претпочитале да се вратат на Исток само за да не примат унија. Сепак, со голема веројатност се знае дека во почетокот на XVII век, Охридската Архиепископија ја изгубила јурисдикцијата во јужна Италија.

*Продолжува*